Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 64, 13 јули 2011 година

јули 2011 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле фармација, специјалист од областа испитување и контрола на лекови на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за наставно-научното поле фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 17

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент/асистент за научната област информатика на Факултет за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 20

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научното поле економски науки и менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 22

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Современи инженерски материјали“ од авторите д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 28

**ПРИГОВОР** од кандидатот Јован Шоповски ... 29

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатот Јован Шоповски ... 30

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

## ОДГОВОР НА ПРИГОВОР ОД КАНДИДАТОТ ЈОВАН ШОПОВСКИ

**Доставен до Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип на 8 јули 2011 год.**

Врз основа на Одлука бр.1602-51/10 од 7 април 2011 година, донесена на седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, одржана на 6 април 2011 година, распишан е Конкурс за избор во соработничко звање ***помлад асистент*** за наставно-научната област ***меѓународно право***.

Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Стеван Алексоски, доц. д-р Љупчо Сотироски и доц. д-р Војо Беловски внимателно ги разгледа документите на сите кандидати и постапи согласно со законски пропишаните услови за избор во соработничко звање *помлад асистент* за наставно-научната област *меѓународно право*.

Имено, на објавениот Конкурс беа пријавени повеќе кандидати, меѓу кои: Иван Ефремовски, Александар Бежовски, Цветанка Панева, Билјана Горѓева, Јован Шоповски и Анета Стојановска. Комисијата разгледувајќи ги досиејата на кандидатите, ценејќи ги условите од Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставно-научно звање, констатираше дека единствено кандидатката Анета Стојановска ги исполнува потребните услови.

На Одлуката на Комисијата, единствено, приговараше кандидатот Јован Шоповски чиишто документи Комисијата внимателно ги разгледа, при што констатираше дека кандидатот Јован Шоповски не ги исполнува условите според Конкурсот. Имено, кандидатот Шоповски не е соодветен за областа меѓународно јавно право, заради тоа што е магистер од областа на деловното право.

Наспроти ова, кандидатката Анета Стојановска е магистер во сферата на меѓународното јавно право. Нејзиното досегашно творештво е изразено во областа на меѓународното право и истата има повеќегодишно искуство во ова поле.

Оттука, Комисијата по извршениот увид на пристигнатите пријави основано го направи изборот на м-р Анета Стојановска.

**Кочани, 12 јули 2011 год.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Љупчо Сотировки, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Стеван Алексоски, член, с.р.**
**Доц. д-р Војо Беловски, с.р.**